# КАРПОШ
## НЕДЕЛЕН Е-БИЛТЕН
















# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# "8-ми Септември"
# Денот на државноста на Република Македонија

Во вторникот (08.09), граѓаните на Република Македонија го одбележуваат големиот историски датум-24 години од востановување на државноста. На овој ден со референдумско изјаснување тие ја изгласаа самостојноста и сувереноста на својата земја како вековен сон на македонскиот народ и сите народности кои живеат во неа, со што го потврдија своето право да бидат рамноправен член во светското "семејство" на народите. По тој повод им упатуваме честитки на сите граѓани на Република Македонија. НЕКА Е ВЕЧЕН ПРАЗНИКОТ!



# НАГРАДА ЗА ОСНОВЦИТЕ ОД ООУ „ЛАЗО ТРПОВСКИ“

Третоодељенците од ООУ „Лазо Трповски“ се “вивнаа во вселената“ на Меѓународниот училишен натпревар за воздушен и вселенски сообраќај кој се одржа во Берлин, Германија. Основците од ова училиште по трет пат се натпреваруваат и освојуваат награди. Проектот „Заедно летаме во вселената“, изготвен од учениците, а со помош на координаторите од училишниот тим составен од Дијана Петроска, Александра Гаџоска и Стефан Симовски, беа пласирани помеѓу 30 најдобри проекти. Деветчленото стручно жири одлучи наградени да бидат основците од ООУ „Лазо Трповски“, а раководителот на натпреварот Тим Е. Бранд им се заблагодари на натпреварувачите за прекрасниот проект и силната желба за освојување награди. Директорката на ООУ „Лазо Трповски“, Елеонора Стрезовска изрази големо задоволство за постигнатиот успех на учениците.

-Сакам да нагласам дека оваа награда е освоена во силна конкуренција. Наградениот проект „Заедно летаме во вселената“, е уште една потврда за континуитетот на долгата традиција на училиштето на успешни учества на меѓународни натпревари. Ангажманот за реализација на еден ваков проектен натпревар излегува од рамките на редовната настава и бара дополнителни часови. Сакам да им се заблагодарам на наградените ученици и наставници за својот несебичен ангажман за афирмација на училиштето во меѓународни рамки. Наградените ученици се здобија со заслужни дипломи, а летечкиот трофеј (автентичен модел на патаничкиот авион Ербас А-380) ќе ја краси училницата на сега веќе четвртоодељенците од истото училиште. Натпреварот, кој е традиционален, беше организиран од Сојузното германско здружение за воздушна и вселенска индустрија, во соработка со Сојузното министерство за економија и енергија на Германија, Сојузното министерство за образование и истражување на Германија, Луфтханза Техник и концернот ЕАДС.




AIRBUS A380


juri
Urkunde



# ОСНОВЦИТЕ ОД КАРПОШ ЈА ОДБЕЛЕЖАА ЕВРОПСКАТА НЕДЕЛА НА СПОРТОТ

Во рамките на Европската недела на спортот, во петокот (11.09)учениците од основните училишта на Општина Карпош беа гости на Градскиот стадион „Филип Втори", по повод „Ден на универзитетскиот и училишниот спорт". На спортската манифестација учествуваа училишни и универзитетски клубови во фудбал и атлетика меѓу кои беа одиграни и ревијални натпревари. Целта на спортската манифестација е да се зголеми свеста кај младите и децата за важноста на вклучување во рамките на активностите на училишните и универзитетските спортски клубови. Европската недела на спортот беше организирана од Агенцијата за млади и спорт и Министерството за образование и наука.



